РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 15-253/9
17.01. 2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,51/11 и 17/11), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РМ, на својата 13. седница одржана на 30.10.2012 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација (воведување) на студиска програма по "Управување со отпад" на втор циклус двегодишни универзитетски студии на Факултет за менаџмент на еколошки ресурси при Универзитет "МИТ" – Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **на втор циклус универзитетски студии по "Управување со отпад" на Факултет за менаџмент на еколошки ресурси при Универзитет "МИТ" - Скопје,** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за втор циклус универзитетски студии по "Управување со отпад" на Факултет за менаџмент на еколошки ресурси при Универзитет "МИТ" – Скопје, во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените студии на вториот циклус, студентот се стекнува со 120 ЕКТС и со звање: **Магистер по управување со отпад,** во научно-истражувачко подрачје 5. – Општествени науки и во научно поле 506 – Организациони науки и управување (менаџмент).

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Факултетот за менаџмент на еколошки ресурси при Универзитет "МИТ" – Скопје, по претходно донесена одлука на Наставно - научниот совет на факултетот за организирање студиската програма "Управување со отпад", а врз основа на Одлука за усвојување на студиската програма од страна на Ректорската управа на универзитетот, достави предлог до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РМ бр.15-253/1 од 21.06.2012 година за воведување на таа студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РМ, на својата 11 седница одржана на 21.06.2012 година формира експертска комисија за оценка на предлогот на предлагачот, а врз основа доставениот извештај на експертската комисија, на својата 13 седница одржана на 30.10.2012 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Одборот за акредитација и евалуација**
**на високото образование**
**Проф. д-р Михаил Петковски**